# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ

**(Објавено во Службен Весник на РМ, бр.95 Од 15.07.2010)**

**Член 1**

Во Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/2005, 4/2008, 103/2008 и 156/2009), во членот 36 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:
"(6) Во услови на донесување на Измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија, со кои се намалуваат одобрените средства, буџетските корисници можат да извршат промена на динамиката на обврските од веќе склучените договори, по претходно обезбедени согласности од договорната страна и Владата на Република Македонија."

**Член 2**

Во членот 47 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:
"(3) Во услови на промена на динамиката на обврските од склучените договори за кои буџетските корисници и единките корисници имаат добиено предходна согласност од ставот (1) на овој член и обезбедена согласност од другата договорна страна, треба да обезбедат измена на согласност од Владата на Република Македонија, по предходно мислење на Министерството за финансии."

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.